Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Министерство за транспорт на ден 24.07.2025 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за инфраструктура за магистрален гасовод Делница: Свети Николе – Велес, Општина Св.Николе Општина Лозово и Општина Велес, кој го донесува Министерството за транспорт, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за инфраструктура за магистрален гасовод Делница: Свети Николе – Велес, Општина Св.Николе Општина Лозово и Општина Велес, се определуваат: Општина Свети Николе, Општина Лозово, Општина Велес, Министерство за транспорт, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. „Водостопанство на Република Македонија“, ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, А1, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за инфраструктура за магистрален гасовод Делница: Свети Николе – Велес, Општина Св.Николе Општина Лозово и Општина Велес, нема значително влијание врз животната средина, што е детално образложено во подготвената проектна документација за заштита на животната средина, а која е подетално образложена во Формуларот кој е во прилог на оваа Одлука. Со имплементација на планскиот документ, односно со изградбата на магистралниот гасовод Свети Николе-Велес ќе се создадат услови за решавање на голем број на проблеми што ги оптоваруваат урбаните заедници засегнати од овој проект, особено од економски аспект, како и за заштита на животната средина и аеро – загадувањето

4. Согласно Решението за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 1364/2021 од 20.09.2021 год (издадено врз основ на Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y 06121 од август 2021 година) и Решението за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 1066/2 од 24.03.2025 год (издадено врз основ на Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y 06121і од февруари 2025 година) на делницата, Општина Свети Николе, Општина Лозово, Општина Велес нема одобрено урбанистичко планска ниту урбанистичко проектна документација, ниту за истите се води постапка.

5. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

**Министер за транспорт**

**Александар Николоски**

Бр. 67-4133/6

Датум: 24.07.2025 година

Скопје